# ДОГОВОР

за засновање на претплатнички однос за
телефонски услуги на АИКОЛ ДОО Штип

Договор бр. ____________ Датум ____________

Шифра: ____________ Датум на активирање ____________

Склучен помеѓу:

| | | |
|---|---|---|
| Основни податоци за корисникот | Име и Презиме / Назив | |
| | Докум. за идентификација | |
| | Бр. на док. за идентиф. | |
| | Жиро сметка | |
| | ЕМБР / ЕДБ МК | |
| | Депонент Банка | |
| | Адреса | |
| | Место | |
| Технички податоци | Тип на модем | |
| | HFC MAC | |
| | MTA MAC | |
| | Тарифен модел | |
| | Телефонски број | |

Во понатамошниот текст именуван како "Претплатник" или "Корисник" и

| | | |
|---|---|---|
| Основни податоци за операторот | Назив | **АИКОЛ ДОО** |
| | Адреса | **Ванчо Прке 88, 2000 Штип** |
| | Жиро с-ка | **240170001959663** |
| | Депонент Банка | **УНИ Банка** |
| | ЕДБ МК | **4029007500699** |

Во понатамошниот текст именуван како Оператор или АИКОЛ, кој својата услуга „ФИКСНА ТЕЛЕФОНИЈА" ја обезбедува преку мрежата на кабелскиот оператор (во понатамошниот текст КО):

- **ТРД РОБИ ДООЕЛ Штип – ТЕЛЕКАБЕЛ**, со седиште на ул. „Енгелсова" 8, 2000 Штип и ЕДБ 4029998114287.

За вистинитоста на горенаведените податоци за корисникот, гарантира претплатникот и се проверени од овластеното лице на Кабелскиот Оператор.

За вистинитоста на горнаведените технички податоци гарантира Овластеното лице на КО, а истите се проверени од претплатникот.

***Претплатникот се сложува неговите основни податоци (име, презиме, адреса и телефонски број) да бидат објавени во телефонскиот именик на АИКОЛ ДОО.***

☐ ДА ☐ НЕ

Овластено лице од Претплатникот:
Целосно Име и Презиме

________________

Скратен Потпис:

________________

Овластено лице на КО:
Целосно Име и Презиме

________________

Скратен Потпис:

________________

## ЧЛЕН 1 – ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

- Предмет на овој Договор е уредување на правата, обврските и одговорностите на Операторот – како давател на јавна комуникациска услуга, од една страна и Претплатникот – како краен корисник на јавна комуникациска услуга, од друга страна.

## ЧЛЕН 2 – ОСНОВНИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ

- Со склучувањето на овој договор, Операторот му овозможува на претплатникот користење на услугата Фиксна телефонија преку кабелската телекомуникациска мрежа на КО.
- Корисникот исто така има договор со КО за користење на услугата Кабелска телевизија и оваа услуга е обврзан да ја користи доколку има потреба од било каква друга услуга која ја добива преку мрежата на КО.
- Претплатникот се обврзува да уплати еднократен неповратен надомест за почетно приклучување на мрежата, согласно тековниот ценовник за комуникациски услуги на КО.
- Со склучување на овој договор, Претплатникот добива право на користење на дополнителни услуги кои ги обезбедува Операторот согласно тарифниот модел кој го избрал корисникот. Претплатникот може најмногу еднаш месечно да бара промена на тарифниот модел (за наредниот месец), за што плаќа надоместок, согласно тековниот ценовник на Операторот.

## ЧЛЕН 3 – НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

- Плаќањето на основните и дополнителните услуги се врши месечно, најдоцна 5 дена од доставувањето на фактурата, во согласност со цените и тарифите содржани во тековниот ценовник за комуникациски услуги на Операторот.
- Фактура (сметка) претплатникот добива од КО во која покрај телефонските се пресметани и посебно нагласени сите услуги кои корисникот ги користи од КО. За телефонските услуги како и услугите кои корисникот ги добива од КО може да изврши уплата во наплатните центри на КО, на инкасантите на КО или на жиро сметка на КО. Префрлувањето на средствата за телефонски услуги на сметка на Операторот е регулирано помеѓу КО и АИКОЛ со посебен меѓусебен договор.
- Доколку постои прекин на услугите подолго од 48 часа (непрекинато), Операторот ќе одбие износ од месечниот надоместок пропорционален на времетраењето на прекинот.
- Доколку претплатникот не го плати долгот во рокот за плаќање, Операторот има право времено да го прекине пристапот до услугите во појдовен сообраќај, до целосно плаќање на долгот. Додека е исклучена линијата во еден правец, месечната претплата продолжува да тече. Операторот за време на времениот прекин на услугите, не смее да го ограничи пристапот и користењето на броевите на службите за итни повици.
- Доколку и по истекот на 15 дена од времениот прекин во појдовен сообраќај Претплатникот не го плати долгот, Операторот може времено да го прекине пристапот до услугите во две насоки и од тој момент Операторот нема да фактурира месечна претплата.
- Операторот повторно ќе го приклучи Претплатникот во најкраток можен рок, по презентирање на писмен или електронски доказ за подмирениот долг.
- Доколку претплатникот не го плати долгот ниту во рок од 60 дена по истекот на рокот за плаќање определен во сметката, Операторот има право да го раскине Договорот и да пристапи кон конечен прекин на услугите.

## ЧЛЕН 4 – ОБВРСКИ И ПРАВА НА ОПЕРАТОРОТ

- Операторот се обврзува да обезбеди квалитетно и непрекинато користење на услугите, во согласност со Правилникот и други законски прописи и акти.
- Операторот има право на измени на условите и цените на услугите по претходно известување на претплатникот преку медиумите на КО и Операторот (веб страна, инфо канал и флаери).
- Операторот се обврзува да овозможи активирање на услугата во рок од 7 (седум) работни дена од денот на склучувањето на овој договор.
- Операторот се обврзува да овозможи бесплатен пристап до броевите на службите за итни повици.
- Во рамките на техничките можности Операторот обезбедува неповредливост и заштита на тајноста на пораките и гарантира сигурност, тајност и неповредливост на личните податоци, со исклучок во случаи предвидени со закон.
- За користењето на услугите КО во име на Операторот се обврзува да изготви фактура (сметка) на Претплатникот и да му ја достави најдоцна до крајот на наредниот месец.
- Во случај на повреда на одредбите на овој договор, Операторот е должен да го извести Претплатникот и да му определи разумен рок за исполнување на обврските предвидени со овој Договор. Операторот има право времено да ја прекине услугата и нема обврска да го извести претплатникот во случаи кога Претплатникот: предизвикува сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или кога предизвикува голема материјална штета на Операторот.
- Операторот има право да ги обработува и користи податоците на Претплатникот за свои потреби согласно со законските прописи.
- Операторот има право да врши преглед и контрола на исправноста на терминалната опрема и инсталациите кај претплатникот.

## ЧЛЕН 5 – ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

- Претплатникот има право на квалитетно и непрекинато користење на услугите, во согласност со законот и други прописи и акти.
- Претплатникот има право на преселување на телефонскиот приклучок во рамките на јавната комуникациска мрежа на КО на друга адреса, во истото или во друго нумерациско подрачје, со поднесување на писмено барање и писмен доказ за подмирен вкупен долг за што плаќа еднократен надомест согласно тековниот ценовник на КО.
- Претплатникот има право да поднесе приговор во врска со активностите и одлуките на Операторот и истиот може да го поднесе во писмена форма во рок од 15 дена од приемот на одликата или започнувањето на активноста на Операторот. Доколку по добиениот одговор за поднесениот приговор до Операторот, Претплатникот не е задоволен од донесената одлука во рок од 15 дена од приемот на одлуката има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации на телефонскиот број 190.
- Претплатникот има обврска навремено да ги плаќа фактурираните износи за користење на услугата.
- Претплатникот има право да го раскине Договорот согласно Чл. 6, без да му се враќаат средствата дадени за приклучокот.
- Претплатникот има обврска да користи терминална опрема, во согласност со стандардите и прописите на РМ и да ги почитува упатствата и соопштенијата кои ги дава Операторот и КО.

## ЧЛЕН 6 – ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

- Овој договор се склучува на неопределено времетраење, се додека некоја од страните не побара раскинување на истиот по било кој основ од наведените во овој договор.
- Претплатникот може да го раскине договорот со поднесување на писмено барање на пропишан образец најмалку 15 дена пред датумот на прекин на услугата и плаќање на сите обврски кон Операторот.
- Операторот може да го раскине договорот доколку корисникот го злоупотребува користењето на услугата со цел спротивна на законите на РМ и други прописи констатирани од страна на надлежен орган, како и доколку активностите нанесуваат материјална штета на КО или Операторот. Другите активности кои произлегуваат од овој член се објаснети во Чл.3 став 6.

## ЧЛЕН 7 – НАДЛЕЖЕН СУД

- Сите спорови настанати во врска со спроведувањето на овој Договор ќе се решаваат спогодбено.
- Доколку настанатиот спор не може да се реши спогодбено, за истото ќе биде надлежен Основниот суд Штип.

## ЧЛЕН 8

- Овој договор е подготвен во 3 (три) истоветни примероци, од кои по 1 (еден) за сите 3 страни. (Претплатник, Оператор и КО).